РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
AGJENSIONI PËR ADMINISTRIM ME PRONËN E KONFISKUAR
Бр.-Nr. 05-2402/4
28.05. 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ Скопје

Финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2024

и Извештај на независниот ревизор

Сметка за средствата од буџетот на Република Северна Македонија (Сметка 637, раздел 04013)

СОДРЖИНА

	Страна
Извештај на независниот ревизор	1 - 3
Основни финансиски извештаи	
• *Биланс на состојбата*	4
• *Биланс на приходите и расходите*	5
Образложение кон основните финансиски извештаи	6 - 15

Прилог 1 – Годишен извештај

Прилог 2 – Годишна сметка

ул. Дime Талев бр. 7
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 (0) 2 3166 144
Факс: +389 (0) 2 3166 150
www.forvismazars.com

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

ДО РАКОВОДСТВОТО И ОСНОВАЧОТ НА
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ Скопје

Извештај за финансиските извештаи

Извршивме ревизија на приложените основни финансиски извештаи на сметката 637, раздел 04013 за средствата од буџетот на Република Северна Македонија на АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ Скопје (во понатамошниот текст „Агенцијата"), кои се состојат од Биланс на состојбата на ден 31 декември 2024 и Биланс на приходите и расходите за годината што тогаш завршува, како и образложението кон нив (во понатамошниот текст „финансиските извештаи").

Одговорност на раководството за финансиските извештаи на сметката 637, раздел 04013 за средства од буџетот на Република Северна Македонија

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи на сметката 637, раздел 04013 за средствата од буџетот на Република Северна Македонија во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија, Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и интерна контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвување на финансиските извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи на сметката 637, раздел 04013 за средствата од буџетот на Република Северна Македонија врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и Законот за ревизија што се во примена во Република Северна Македонија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи на сметката 637, раздел 04013 за средствата од буџетот на Република Северна Македонија не содржат материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за собирање на ревизорски докази за износите и образложението во финансиските извештаи на сметката 637, раздел 04013 за средствата од буџетот на Република Северна Македонија. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување на финансиските извештаи на сметката 637, раздел 04013 за средствата од буџетот на Република Северна Македонија, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на сметката 637, раздел 04013 за средства од буџетот на Република Северна Македонија на Агенцијата со цел дизајнирање на ревизорски постапки кои што се соодветни на околностите, но не и со цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Агенцијата. Ревизијата, исто така, вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи на сметката 637, раздел 04013 за средствата од буџетот на Република Северна Македонија.

Веруваме дека ревизорските докази кои ги имаме собрано се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење со резерва.

(продолжува)

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

ДО РАКОВОДСТВОТО И ОСНОВАЧОТ НА
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ Скопје (продолжение)

Основа за мислење со резерва

Како што е наведено во Образложение 5 кон овие финансиски извештаи, од 2009 година Агенцијата користи плац во Миладиновци и магацини во Гевгелија и Идризово. За наведените објекти не била извршена проценка на вредноста и не биле вклучени во сметководствената евиденција на Агенцијата, ниту за истите Агенцијата поседува имотни листови со право на сопственост или користење. Поради наведеното, Агенцијата нема целосен увид и податоци за имотот со кој треба да управува согласно Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 64/24, 37/25 и 86/25). Како резултат на тоа, ние не можевме да ја потврдиме вредноста на материјалните средства, ниту на државниот - јавен капитал на 31 декември 2024 година.

Мислење со резерва

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањето наведено во основата за мислење со резерва, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката 637, раздел 04013 за средствата од буџетот на Република Северна Македонија на АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ Скопје на 31 декември 2024 година, како и резултатите од работењето за годината што тогаш завршува во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија, Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Обрнување внимание

Обрнуваме внимание дека како што е наведено во Образложение 13 кон финансиските извештаи, со допис бр. 10-345/1 од 16 февруари 2019 година, Министерството за правда на Република Северна Македонија – Управа за извршување на санкции ја известило Агенцијата за започнување на активности за изградба на објекти во рамките на КПУ „Идризово", со што на Агенцијата и била доделена нова локација во замена за плацот во Миладиновци и магацинот во Идризово. Градежните активности кои биле планирани за почетокот на 2020 година биле ставени во мирување поради погрешен број на парцела наведен во планската документација за урбанистички план во Агенцијата за планирање на просторот Скопје. Постапката за усогласување била во тек. Исто така, до датумот на овој Извештај, наведените градежни активности се уште не биле започнати. Во октомври 2023 година, Агенцијата подготвила идеен проект за магацин на КП 406 / 1 К.О. Идризово, со финансиска пресметка и по истата биле побарани средства од буџетот за продолжување на активностите, кои не биле одобрени. Тековно, Агенцијата била во преговори и очекувала корекција на бројот на катастарска парцела од страна на Агенцијата за планирање на просторот Скопје и понатамошно усвојување од Општина Гази Баба.

Нашето мислење не е модификувано во однос на наведеното прашање.

(продолжува)

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

ДО РАКОВОДСТВОТО И ОСНОВАЧОТ НА
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ Скопје (продолжение)

Извештај за други правни и регулаторни барања

Раководството на Агенцијата е одговорно за подготвување на годишниот извештај (прилог 1 кон финансиските извештаи на сметката 637, раздел 04013 за средствата од буџетот на Република Северна Македонија) и годишната сметка (прилог 2 кон финансиските извештаи на сметката 637, раздел 04013 за средствата од буџетот на Република Северна Македонија) во согласност со Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 64/24, 37/25 и 86/25) и истите се прифатени и одобрени од раководството на Агенцијата. Наша одговорност е да издадеме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај со годишната сметка и финансиски извештаи на сметката 637, раздел 04013 за средствата од буџетот на Република Северна Македонија на Агенцијата. Ние ги извршивме нашите постапки во согласност со Законот за ревизија на Република Северна Македонија и Меѓународниот стандард за ревизија 720 – Одговорности на ревизорот во врска со други информации во документи кои содржат ревидирани финансиски извештаи што се во примена во Република Северна Македонија.

Според наше мислење, историските финансиски информации обелоденети во годишниот извештај се конзистентни со годишната сметка и приложените ревидирани финансиски извештаи на сметката 637, раздел 04013 за средствата од буџетот на Република Северна Македонија на Агенцијата за годината што завршува на 31 декември 2024.

ФОРВИС МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Јане Иванов
Овластен ревизор
Управител

Скопје
23 мај 2025 година

ФОРВИС МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје
forvis mazars
Друштво за ревизија

Јане Иванов
Овластен ревизор

ÖDEBAŞ MAZARCI ÜLKÜCÜ ALKENDER
TOYWS
MAZATS

Основни финансиски извештаи
(буџетска сметка 637, раздел 04013)
31 декември 2024 година

БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА
На 31 декември 2024 година
(износи во илјади денари)

		Годината што завршува на	
	Белешка	**31 декември 2024**	**31 декември 2023**
АКТИВА			
Постојани средства			
Материјални и нематеријални средства	5	**171,839**	**169,926**
Тековни средства			
Парични средства	3	4	17
Активни временски разграничувања	4	3,621	4,218
		3,625	**4,235**
ВКУПНА АКТИВА		**175,464**	**174,161**
ПАСИВА			
Извори на деловни средства			
Државен-јавен капитал	7	171,839	169,926
		171,839	**169,926**
Тековни обврски	6		
Краткорочни обврски кон добавувачи		1,315	1,884
Обврски кон вработените		2,181	2,179
Други обврски		129	155
Пасивни временски разграничувања		-	17
		3,625	**4,235**
ВКУПНА ПАСИВА		**175,464**	**174,161**

Образложението кон основните финансиски извештаи
претставува составен дел на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи за 2024 година се прифатени и одобрени од раководството на Агенцијата на 2 мај 2025 година.

в.д.Директор,
Ирена Илиевска

Основни финансиски извештаи
(буџетска сметка 637, раздел 04013)
31 декември 2024 година

БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ
За годината што завршува на 31 декември 2024
(износи во илјади денари)

	Белешка	Година што завршува на 31 декември 2024	31 декември 2023
РАСХОДИ			
Тековни расходи			
Трошоци за вработените	9	(27,080)	(25,823)
Стоки и услуги	10	(9,356)	(6,304)
Разни трансфери	11	(2,998)	(885)
		(39,434)	**(33,012)**
Капитални расходи	12	-	(73)
ВКУПНО РАСХОДИ		**(39,434)**	**(33,085)**
ПРИХОДИ			
Трансфери од други нивоа на власт	8	**39,434**	**33,085**
ВКУПНО ПРИХОДИ		**39,434**	**33,085**

Образложението кон основните финансиски извештаи
претставува составен дел на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи за 2024 година се прифатени и одобрени од раководството на Агенцијата на 2 мај 2025 година.

в.д.Директор,
Ирена Илиевска

Образложение кон основните финансиски извештаи
(буџетска сметка 637, раздел 04013)
31 декември 2024 година

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА
За годината што завршува на
31 декември 2024
(износи во илјади денари)

	Државен-јавен капитал	Вкупно
На 1 јануари 2023	**186,174**	**186,174**
Добиени материјални средства без надоместок од Влада на РСМ	2,662	2,662
Ревалоризација	-	-
Тековна амортизација	(7,772)	(7,772)
Промена на почетната состојба (Образложение 5)	(1,911)	(1,911)
Останати корекции за годината (Образложение 5)	(9,227)	(9,227)
На 31 декември 2023 година	**169,926**	**169,926**
На 1 јануари 2024	**169,926**	**169,926**
Добиени материјални средства без надоместок од Влада на РСМ	1,607	1,607
Ревалоризација	8,493	8,493
Тековна амортизација	(8,187)	(8,187)
На 31 декември 2024 година	**171,839**	**171,839**

Образложение кон основните финансиски извештаи
(буџетска сметка 637, раздел 04013)
31 декември 2024 година

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ е владина државна институција формирана во согласност со Уставот и законите на Република Северна Македонија. Агенцијата официјално започнува со работа на 1 јануари 2009 година.

Седиште: БУЛЕВАР МАКЕДОНИЈА бр.5 СКОПЈЕ – ЦЕНТАР, ЦЕНТАР

Дејност: 84.11-Општи дејности на јавна управа

Законска рамка
Во 2024 година донесено е ново законско решение - Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 64/24, 37/25 и 86/25). Со овој закон се врши усогласување со Директивата 2014/42/ЕУ на Европскиот парламент и Европскиот совет од 3 април 2014 за замрзнување и конфискација на предмети и приноси од казниво дело во Европската унија CELEX број 32014L0042. Со овој закон се уредува постапката за управување со привремено одземениот имот и привремено одземените предмети и конфискуваниот имот и имотна корист како принос од кривично дело и одземените предмети во кривичната и прекршочната постапка, со трајно одземените предмети во управна постапка, водење на електронски регистар за одземениот имот, како и основањето, надлежноста, управувањето, раководењето и други прашања поврзани со работата на Агенцијата.

Подзаконски акти
- Упатство за постапка за спроведување на јавно наддавање за продажба на одземени предмети и конфискуван имот
- Правилник за начинот на користење на средствата од продажба и од закуп на одземен и конфискуван имот
- Правилник за начинот на отстапување на одземен имот за социјална реупотреба
- Правилник за начинот на отстапување на привремено одземен имот на државни органи, здруженија и фондации
- Правилник за постапување со одземен имот што се состои од живи животни
- Правилник за постапување со одземен имот
- Правилник за работата на комисијата за уништување на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори
- Правилник за работата на комисијата за уништување на одземено оружје, делови и компоненти на оружјето, муниција и експлозивен материјал
- Правилник за формата и содржината на образецот на службената легитимација, начинот на нејзиното издавање и одземање на вработените во Агенцијата
- Правилник со критериуми за отстапување на одземени предмети – возила со кои управува Агенцијата
- Политика на интегритет на Агенцијата
- Статут на Агенција за управување со одземен имот
- Правилник за начинот на користење на службените возила во Агенцијата
- Правилник за користење на службен телефон
- Правила за однесување на вработените во Агенцијата за управување со одземен имот
- Етички кодекс за однесување на вработените во Агенцијата за управување со одземен имот
- Деловник за работа на управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот
- Правилник за начинот на вршење на попис и усогласување на сметководствената состојба на средствата и обврските со фактичката состојба во агенцијата за управување со одземен имот
- Правилник за системот на плати и надоместоци на плати, одмори и отсуства од работа за вработените во агенцијата без статус на административни службеници
- Правилник за користење на угостителски услуги
- Правилник за систематизација на работни места
- Правилник за внатрешна организација на Агенцијата

Образложение кон основните финансиски извештаи
(буџетска сметка 637, раздел 04013)
31 декември 2024 година

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (продолжение)

Организациони единици

- Сектор за правни работи,
- Сектор за финансиски прашања и други економски работи.
- Сектор за оперативно работење.
- Одделение за управување со човечки ресурси

Буџетски корисник

Од 1 јануари 2009 година, Агенцијата е Буџетски корисник од прв ред, сметка 637, раздел 04013.

Директор

Со Одлука на Владата на Република Македонија бр.24-4522/1 од 3 август 2017 година, за в.д. директор на Агенцијата е назначен г-дин Фатон Асани.

Со Решение бр.15-2700/1 од 9 март 2023 година за в.д директор на Агенцијата е назначен г-дин Дритон Небиу.

Со Решение бр.14-8080/1 од 27 август 2024 година за в.д. директор е назначена г-ѓа Ирена Илиевска.

Агенцијата ги врши следниве работи:

- управува со конфискуваниот имот и имотната корист како принос од казнено дело и одземените предмети,
- со согласност на судот управува со привремено одземениот имот и имотна корист и привремено одземените предмети во кривична постапка, освен одземената дрвна маса согласно со закон со цел да се заштити вредноста на имотот согласно со овој закон,
- управува со привремено одземениот имот и имотна корист и одземените предмети во прекршочна постапка, освен одземената дрвна маса согласно со закон, со цел да се заштити вредноста на имотот согласно со овој закон,
- управува со трајно одземени предмети во прекршочна и управна постапка согласно со закон, освен предметите одземени во даночна постапка,
- ја спроведува постапката за извршување на конфискацијата на имот и имотната корист како принос од казнено дело,
- управува со привремено одземениот имот и имотна корист и привремено одзмените предмети или со конфискуваниот имот и имотна корист како принос од казнено дело и одземените предмети кои произлегуваат од кривични дела, или имот чие располагагање е ограничено со одлука на ООН и други меѓународни организации на кои е членка Република Северна Македонија,
- соработува со домашни и странски канцеларии за поврат на имот, како и странски и други меѓународни организации согласно со закон,
- води регистар за привремено одземен имот и привремено одземените предмети и трајно одземените предмети и конфискуван имот,
- го чува и го складира одземениот имот,
- врши процена на одземениот имот,
- го дава во закуп конфискуваниот имот,
- води евиденција на целокупниот одземен имот,
- го продава одземениот имот,
- изготвува статистички, финансиски и други извештаи за одземениот имот,
- планира, организира и спроведува обука за вработените во Агенцијата и другите субјекти вклучени во постапувањето со одземениот имот,
- дава мислења во врска со примената на овој закон и
- врши други работи утврдени со закон.

2. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

2.1 Основи за подготовка и презентација на финансиските извештаи

Агенцијата ја води својата сметководствена евиденција и ги подготвува своите финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/15 и 170/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници ("Службен весник на Република Македонија" бр.28/03, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13), Правилникот за содржина на одделни сметки во сметководството на буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/02 и 98/02 и 175/11), како и според сметководствените стандарди што се применуваат во Република Северна Македонија кај буџетите и буџетските корисници, односно Меѓународните сметководствени стандарди за јавен сектор на готовинска основа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 116/2005), што се применуваат од 1 јануари 2006 година.

Финансиските извештаи на Агенцијата се изразени во илјади денари, освен доколку не е поинаку наведено.

Денарот претставува официјална валута на известување во Република Северна Македонија.

2.2 Признавање на приходите и расходите

Агенцијата ги евидентира приходите и другите приливи и расходите и другите одливи со спроведување на сметководственото начело на парично искажување. Тоа значи дека приходите и другите приливи се признаваат на готовинска основа во пресметковниот период во кој настанале, според критериумот на мерливост и расположливост. При тоа, приходите се мерливи кога можат вредносно да се изразат на готовинска основа, а се расположливи кога се остварени во пресметковниот период, односно до 31 декември во тековната година.

Расходите и другите одливи се признаваат на готовинска основа во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

2.3 Долгорочни и краткорочни вложувања или позајмици

Исплатите во текот на годината по основ на долгорочни и краткорочни вложувања или позајмици се искажуваат како расход и истовремено како побарување, а кога се враќаат, се затвора побарување и се искажува приход.

2.4 Трансакции во странска валута

Трансакциите настанати во странска валута се искажуваат во денари со примена на официјалните курсеви на Народна Банка на Република Северна Македонија кои важат на денот на трансакцијата. Средствата и обврските деноминирани во странска валута се искажуваат со примена на официјални курсеви кои важат на денот на составувањето на Билансот на состојба.

2. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

2.5 Материјални и нематеријални средства

Материјалните средства на Агенцијата се состојат од деловен простор, канцелариска и компјутерска опрема и возила, додека нематеријалните средства се состојат од софтвер. Материјалните и нематеријалните средства иницијално се евидентираат по набавна вредност, што потоа се намалува за износот на акумулираната амортизација и одредени оштетувања доколку се утврдени.

Набавната вредност се состои од: куповна вредност, царини, даноци, такси, издатоци за превоз и подвоз, сервисирање и ускладиштување, монтирање, проектни сметки, регистрации и други издатоци кои можат да се додадат на набавната вредност. Набавната вредност се коригира за износите на доградба, реконструкција, адаптација и сл. (инвестиционо одржување). Одделните поправки, преправки, замена сервисирање и слично (тековно одржување), се евидентираат како расходи во Билансот на приходи и расходи.

Агенцијата е должна да ги реваморизира долгорочните средства, согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Основица за реваморизација на долгорочните средства претставува набавната вредност на средствата. Реваморизационата вредност, односно пазарната вредност на долгорочните средства при нивно повлекување од употреба и отуѓување во текот на пресметковниот период се утврдува комисиски со проценка. Реваморизацијата на долгорочните средства поради нивно повторно вреднување се врши со примена на стапката на порастот на цените на производителите на индустриски производи, објавена од Државниот завод за статистика. Реваморизацијата се врши така што сите состојби на долгорочните средства се усогласуваат во согласност со извршената проценка до крајот на месецот кога средствата се повлекуваат од употреба, односно се отуѓуваат. Реваморизацијата се врши така што сите состојби на долгорочните средства од претходната година се множат со индексот на кумулативниот пораст на цените на производителите на индустриски производи од почетокот до крајот на пресметковниот период, а за долгорочните средства кои се набавени во текот на пресметковниот период нивната состојба се множи со индексот на кумулативниот пораст на цените на производителите на индустриски производи од првиот ден на наредниот месец од месецот во кој е извршена набавката (вложувањето) до крајот на пресметковниот период. Резултатот од реваморизацијата на долгорочните средства се пренесува во корист или на товар на изворите на средства.

Амортизацијата се пресметува со користење на праволиниска метода на отпис која доследно се спроведува од година во година.

2.6 Побарувања

Побарувањата се прикажани според нивната номинална вредност. За стари и сомнителни побарувања се врши исправка или отпис.

2.7 Обврски кон добавувачи

Обврските кон добавувачите се прикажани по нивната номинална вредност. Неизмирените обврски кон добавувачите се отпишуваат по основ на застареност врз основа на одлука донесена од раководството. На крајот на периодот за известување на неисплатените обврски им се спротивставуваат побарувања за неисплатени обврски искажани на активни временски разграничувања.

2. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

2.8 Плати и надоместоци за плати

Агенцијата учествува во пензискиот фонд со уплатување на определени придонеси утврдени со домашната легислатива. Придонесите, кои зависат од висината на платите се уплатуваат во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија. Не постојат дополнителни обврски во однос на финансиските планови.

2.9 Сметководствен принцип на континуитет

Финансиските извештаи на Агенцијата се подготвени врз основа на принципот на континуитет и овој принцип продолжува да постои како претпоставка и после издавањето на финансиските извештаи.

2.10 Залихи

Залихите се состојат од канцелариски материјали и ситен инвентар во употреба и ХТЗ опрема. Кога ситниот инвентар се става во употреба истиот целосно се отпишува. Залихите се мерат според нивната набавна вредност зголемена за трошоците што можат директно да се додадат на набавката. Мерењето на залихите се определува со метод на пондериран просек.

2.11 Јавни набавки

Агенцијата ги извршува набавките во согласност со Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 24/19 и 87/21) како и сите подзаконски акти (одлуки, уредби, правилници, тарифници и кодекс на однесување).

3. ПАРИ И ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

	Износи во илјади денари Годината што завршува на 31 декември 2024	31 декември 2023
Пари и парични средства	4	17
	4	**17**

4. АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

	Износи во илјади денари Годината што завршува на 31 декември 2024	31 декември 2023
Пренесени обврски за плата и придонеси	2,226	2,179
Пренесени обврски за струја, вода, греење и поштенски услуги	819	1,721
Пренесени обврски за персонален данок за УО и договорни услуги	465	248
Останати активни временски разграничувања	111	70
	3,621	**4,218**

Образложение кон основните финансиски извештаи
(буџетска сметка 637, раздел 04013)
31 декември 2024 година

5. МАТЕРИЈАЛНИ И НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

	Градежни објекти	Опрема, канц. мебел и возила	Вкупно	Нематеријални средства (софтвер)
Набавна вредност				
На 1 јануари 2023	**192,455**	**13,715**	**206,170**	**18,070**
Набавки	-	2,662	2,662	-
Ревалоризација	-	-	-	-
Отпис/расходување	-	-	-	-
На 31 декември 2023	**192,455**	**16,377**	**208,832**	**18,070**
На 1 јануари 2024	**192,455**	**16,377**	**208,832**	**18,070**
Набавки	-	1,607	1,607	-
Ревалоризација	8,108	253	8,361	132
Отпис/расходување	-	(754)	(754)	-
На 31 декември 2024	**200,563**	**17,483**	**218,046**	**18,202**
Исправка на вредноста				
На 1 јануари 2023	**23,927**	**7,431**	**31,358**	**6,708**
Тековна амортизација	1,925	2,452	4,377	3,395
Отпис/расходување	-	-	-	-
Промена на почетната состојба	1,911	-	1,911	-
Останати корекции во годината	6,839	363	7,202	2,025
На 31 декември 2023	**34,602**	**10,246**	**44,848**	**12,128**
На 1 јануари 2024	**34,602**	**10,246**	**44,848**	**12,128**
Тековна амортизација	1,925	2,867	4,792	3,395
Отпис/расходување	-	(754)	(754)	-
Корекција за претходни години	-	-	-	-
На 31 декември 2024	**36,527**	**12,359**	**48,886**	**15,523**
Сметководствена вредност:				
На 31 декември 2024	**164,036**	**5,124**	**169,160**	**2,679**
На 31 декември 2023	**157,853**	**6,131**	**163,984**	**5,942**

Градежните објекти со сметководствена вредност од 164,036 илјади денари вклучуваат:

- Деловни простории на ул. Кеј Димитар Влахов бр. 4 Скопје со сегашна вредност од 75,830 илјади денари кои Агенцијата ги доби на користење во 2022 година. Во 2021 година, Владата на Република Северна Македонија донесе Одлука број 40-4190/1 од 6 април 2021 година за давање на трајно користење на недвижните ствари на Агенцијата. Правото за трајно користење на деловните простории од страна на Агенцијата е запишано во имотен лист.
- Магацин во Тетово со сегашна вредност од 82,589 илјади денари кој е предаден на користење на Агенцијата со Одлука на Владата на Република Северна Македонија бр.41-4971/1 од 3 јули 2012 година и Записник за примопредавање бр.09-2078/3 од 9 август 2012 година. Уписот во имотниот лист за наведениот објект со право на користење на име на Агенцијата е извршен на 17 јуни 2021 година.
- Почнувајќи од 2009 година, Агенцијата користи плац во Миладиновци и магацини во Гевгелија и Идризово. За наведените објекти не е извршена проценка на вредноста и не се вклучени во сметководствената евиденција на Агенцијата, ниту за истите Агенцијата поседува имотни листови со право на сопственост или користење. Поради наведеното, Агенцијата нема целосен увид и податоци за имотот со кој треба да управува согласно Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 64/24, 37/25 и 86/25).
- Управна зграда во Тетово со сегашна вредност од 5,617 илјади денари.

Образложение кон основните финансиски извештаи
(буџетска сметка 637, раздел 04013)
31 декември 2024 година

6. ТЕКОВНИ ОБВРСКИ

	Износи во илјади денари Годината што завршува на 31 декември 2024	31 декември 2023
Краткорочни обврски кон добавувачи	1,315	1,884
Обврски кон вработените за бруто плати	2,181	2,179
Останати обврски (привремено вработени и членови на УО со персонален данок)	129	155
ПВР – картичка ВИЗА	-	17
	3,625	**4,235**

7. ДРЖАВЕН-ЈАВЕН КАПИТАЛ

Структурата и вредноста на државниот-јавен капитал на Агенцијата е следнава:

	% структура		во илјади денари	
	2024	2023	2024	2023
Основач со Закон				
Влада на Република Северна Македонија	100%	100%	171,839	169,926

8. ПРИХОДИ

	Износи во илјади денари Годината што завршува на 31 декември 2024	31 декември 2023
Трансфери од други нивоа на власт	39,434	33,085
	39,434	**33,085**

9. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

	Износи во илјади денари Годината што завршува на 31 декември 2024	31 декември 2023
Плати и надоместоци за плати	19,122	18,282
Придонеси за плати	7,425	7,091
Останати надоместоци за вработените	533	450
	27,080	**25,823**

Образложение кон основните финансиски извештаи
(буџетска сметка 637, раздел 04013)
31 декември 2024 година

10. СТОКИ И УСЛУГИ

	Износи во илјади денари Годината што завршува на 31 декември 2024	31 декември 2023
Трошоци за службен пат и останати трошоци	150	150
Комунални и комуникациски услуги	5,328	3,637
Ситен инвентар (канцелариски материјали, весници и сл.)	337	351
Поправки и тековно одржување	500	349
Договорни услуги - закупнина на деловен простор и други	2,247	1,218
Останато	794	599
	9,356	**6,304**

11. РАЗНИ ТРАНСФЕРИ

	Износи во илјади денари Годината што завршува на 31 декември 2024	31 декември 2023
Други трансфери	272	73
Главен долг по извршни исправи	1,781	282
Камата по извршни исправи	328	65
Трошоци по извршни исправи	617	465
	2,998	**885**

12. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

	Износи во илјади денари Годината што завршува на 31 декември 2024	31 декември 2023
Набавка на опрема и машини	-	13
Реконструкција на градежни објекти	-	60
	-	**73**

13. НАСТАНИ ПО ПЕРИОДОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Со допис бр. 10-345/1 од 16 февруари 2019 година, Министерството за правда на Република Северна Македонија – Управа за извршување на санкции, ја извести Агенцијата за започнување на активности за изградба на објекти во склоп на КПУ „Идризово", при што, на Агенцијата и е доделена нова локација во замена за плацот во Миладиновци и магацинот во Идризово. Градежните активности кои биле планирани за почетокот на 2020 година биле ставени во мирување поради погрешен број на парцела наведен во планската документација за урбанистички план во Агенцијата за планирање на просторот Скопје. Постапката за усогласување е во тек и градежните активности се уште не се започнати. Во октомври 2023 година, Агенцијата подготви идеен проект за магацин на КП 406 / 1 К.О. Идризово, со финансиска пресметка и по истата побарани беа средства од буџетот за продолжување на активностите, кои не беа одобрени. Тековно, Агенцијата е во преговори и очекува корекција на бројот на катастарска парцела од страна на Агенцијата за планирање на просторот Скопје и понатамошно усвојување од општината Гази Баба.

Освен наведеното, по завршувањето на периодот на известување, нема други настани кои бараат корекција или дополнителни обелоденувања во финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември 2024 година.

14. ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ

Официјалните девизни курсеви користени при искажувањето на билансните позиции деноминирани во странска валута, на 31 декември 2024 и 2023 година се следните:

		Во денари
	31 декември 2024	**31 декември 2023**
ЕУР	61.4950	61.4950